# НАСОКИ ЗА ПЛАНИРАЊЕ, ОРГАНИЗАЦИЈА И РЕАЛИЗАЦИЈА НА ДОПОЛНИТЕЛНАТА И ДОДАТНАТА НАСТАВА ОД 1. ДО 6. ОДДЕЛЕНИЕ НА ОСНОВНОТО ОБРАЗОВАНИЕ ВО УЧЕБНАТА 2023/24 ГОДИНА

## ДОПОЛНИТЕЛНА НАСТАВА

Се планира и се реализира на неделно ниво согласно потребите на учениците (кои не успеваат да ги постигнат стандардите за оценување планирани за таа недела) во рамките на задолжителниот престој на учениците, односно наставниците.

Планирањето на дополнителната настава во одделенска настава е составен дел на неделното планирање (согласно согледувањата на наставникот од реализираните содржини и постигањата на учениците) за што се известуваат учениците. Реализацијата се евидентира во електронскиот дневник во делот за дополнителна настава.

Во предметна настава планирањето се сведува само на одредување на времето на реализација во текот на неделата (согласно согледувањата на наставникот од реализираните содржини и постигањата на учениците) на ниво на паралелка/одделение за што се известуваат учениците. Реализацијата се евидентира во електронскиот дневник во делот за дополнителна настава.

## ДОДАТНА НАСТАВА

Слободните изборни предмети овозможуваат проширување и продлабочување на знаењата на учениците од определен предмет/област со што претставуваат една од формите на додатна настава. Доколку учениците пројавуваат интерес за унапредување на знаењата и вештините, а тие не се опфатени преку слободен изборен предмет, се организира друга форма на додатна настава. Исто така, подготовката на учениците за натпревари претставува една од формите на додатна настава.

Доколку додатната настава претставува слободен изборен предмет, истата се планира како секој друг наставен предмет, влегува во редовниот распоред на учениците и се евидентира во делот за евиденција на часовите во електронскиот дневник.

Другите форми на додатна настава во одделенска настава се составен дел од неделното планирање за што се известуваат учениците. Реализацијата се евидентира во електронскиот дневник во делот за додатна настава.

Во предметна настава планирањето се сведува само на одредување на времето на реализација во текот на неделата на ниво на паралелка/одделение за што се известуваат учениците. Реализацијата се евидентира во електронскиот дневник во делот за додатна настава.